Бр. 12-1899/5
20.11.2019 г.

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на член 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 12/19), постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител на ден 23.03.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, на 24-та седница одржана на 15 ноември 2019 година, ја донесе следната

## ОДЛУКА

**СЕ ЗАПИРА** постапката поведена по предмет оформен по пријавата поднесена од непознат подносител, на ден 23.03.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, заведен под број на предмет 12-1899/1 од 23.03.2019 година, во која се укажува на сомневања за незаконитости поврзани со два јавни огласи за вработување на определено време од 1 година за вкупно 11 извршители во Народната банка на Република Северна Македонија, објавени на ден 23.01.2019 година.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата по преземените дејствија утврди дека нема елементи за нејзино натамошно постапување по предметот, поради непотврденост и неоснованост на наводите содржани во пријавата.

Предметот со број 12-1899/1 од 23.03.2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12-1899/1 од 23.03.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од непознат подносител.

Во пријавата се укажува на сомневања за незаконитости поврзани со два јавни огласи за вработување на определено време од 1 година за вкупно 11 извршители во Народната банка на Република Северна Македонија, објавени на ден 23.01.2019 година.

Со цел утврдување на фактичката состојба и проверка на наводите содржани во пријавата, ДКСК достави Барање за доставување на податоци и информации до Народната банка на Република Северна Македонија со број 12-1899/3 од 16.08.2019 година, со кое побара целосна информација за тоа според кои критериуми бил извршен изборот/неизборот на кандидатите одделно за секој јавен оглас, двата објавени на ден 23.01.2019 година, листа на пријавени кандидати на двата јавни огласи и листа на примени и одбиени кандидати, дали сите избрани кандидати ги имаат поминато сите фази на селекција (административна селекција и интервју), со податоци за бројот на бодовите кои ги добил секој од избраните кандидати во секоја од фазите на постапката за избор, како и побарани се податоци за склучените договори за вработување со секој избран кандидат одделно со прилог документација.


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Од Народната банка на Република Северна Македонија – Сектор за трезорско работење, информациска технологија и управување со човечки ресурси е доставен одговор - целосна информација со број 12-1899/4 од 02.09.2019 година за поведените постапки за вработување врз основа на предметните огласи со прилог документацијата (одлуки, списоци на пријавени кандидати, списоци на лица кои ги поминале тестирањата со бодови, договори ).

По разгледување на целокупната доставена документација, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека Народната банка на Република Северна Македонија, врз основа на Одлуки за утврдување потреба од засновање на работен однос на определено време од 1 година, на 23 јануари 2019 година објавила два огласи за вработување на вкупно 11 извршители. На 4 февруари 2019 година биле спроведени тестирања на кандидатите кои ги исполниле услови дефинирани во објавените огласи и тоа економски тест, правен тест и стручен тест во зависност од работното место. Со кандидатите кои ги поминале тестовите, на 5 и 6 февруари биле спроведени интервјуа од страна на вицегувернерите на Народната банка на Република Северна Македонија и надлежните работници со посебни овластувања и одговорности во банката и секретарот на банката со надлежните работници од Дирекцијата за техничко одржување обезбедување и архива, а потоа било одржано интервју и со гувернерот. На интервјуата била оценета компетентноста на кандидатите за работните места, нивното претходно искуство доколку го имале и нивната визија за работното место. По спроведеното интервју и рангирањето на кандидатите, биле донесени одлуки за избор на најдобро рангираните кандидати. Со оглед дека на 8 февруари 2019 година беа распишани избори за Претседател на Република Северна Македонија, а дел од избраните кандидати биле во работен однос кај други работодавачи, истите биле пријавени во Агенцијата за вработување на Р. Северна Македонија по завршувањето на изборниот процес. Оттаму, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека наводите содржани во пријавата не се потврдени и се неосновани.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 12/19) одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Одлучено на ден 15.11.2019 година по број 12-1899/5

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk